Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 22//0306
12.02 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09.01.2025 година, врз основа на примена жалба од **Благица Сабовљевиќ Стоименова** го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Текстот со наслов **„Одработувачи за СДСМ репризираат Шарена револуција во Кочани“,** објавен на онлајн медиумот „Курир.мк“ (kurir.mk), на 21.12.2024 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

## ЖАЛБА

Жалителката**,** Благица Сабовљевиќ Стоименова на 23.12.2024 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов „Одработувачи за СДСМ репризираат Шарена револуција во Кочани“**,** објавен на онлајн медиумот „Курир.мк“ (kurir.mk), на 21.12.2024 г., при што се жали на неточно и нефер известување и на пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Во жалбата во прилог е доставена и целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Одработувачи за СДСМ репризираат Шарена револуција во Кочани“**,** објавен на онлајн медиумот „Курир.мк“ (kurir.mk), на 21.12.2024 година отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1, 13 и 16 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од јавен интерес, односно прашање поврзано со граѓански активизам со цел да се заштити животната средина во регионот.

Комисијата прво констатираше дека текстот, збогатен со фотогалерија, проблемот го опишува како чисто политичко прашање, при што медиумот наместо наведување на што повеќе факти за проблемот и за самите протести на активистите за негово решавање, се насочил кон пресметка со поединци, текстуално апострофирајќи ја само жалителката, а преку фотографии и други, ги обвинува дека се симпатизери или членови на опозициската политичка партија СДСМ во Кочани, бидејќи градоначалникот ја освои функцијата кандидиран од ВМРО-ДПМНЕ. Притоа, медиумот се навраќа и на фотоархива од пред десетина години споредувајќи ја со денешната ситуација и настани, со што навидум сака да ја покаже својата објективност.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Ваквиот пристап во новинарството е дозволен само доколку е дел од поширока експликација на проблемот и само доколку е поткрепен и со други факти за личностите за кои што се пишува или кои се претставени преку фотографија, а кои всушност јавно се обвинуваат. Но, бидејќи не се наведени тие факти, ниту пак од жалителката која е спомената неколку пати со име и презиме не е побарана изјава или коментар, Комисијата е на мислење дека е прекршено основното етичко правило за проверка на информацијата од што е можно повеќе извори, вклучително и оние за кои се пишува, односно за претставување и на нивните ставови и гледишта (Чл.1).

Второ, безмалку целиот текст, од насловот, поднасловот и повеќето пасуси, изобилува со мешање на фактите со изрекување вредносни судови за поединци или процеси, како на пример Шарената револуција, т.е. содржината изобилува со мешање на факти со коментар, исто така стриктно регулирано во Кодексот (Чл.13).

Трето, Комисијата констатираше дека текстот во целина е всушност пресметка со луѓето за кои се пишува, а не информација за протестите на граѓани во Кочани, при што, медиумот буквално е искористен како платформа за таа пресметка, што исто така е регулирано во Кодексот (Чл.16).

Од тие причини Комисијата оцени дека се прекршени следните членови на Кодексот на новинари на Македонија:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 13**

Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

**Член 16**

Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Тамара Чаусидис, Зериета Јајага и Димитар Мицев.

Со почит,

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595